# ММФ ја пофалува Македонија за силното макроекономско остварување

Од Берт ван Селм, резидентен претставник на ММФ

Во текот на вчерашниот ден,  Извршниот Борд на ММФ ја пофали Македонија за силното макроекономско остварување и за завршување на Третиот Преглед од 2005-08 Стенд-Бај Аранжманот на Македонија (www.imf.org/skopje). Економскиот растеж се зголеми на 5 проценти во текот на минатата година и се очекува да се задржи на тоа ниво годинава, и  покрај неодамнешните меѓународни финансиски турбуленции.  Централната влада оствари мал суфицит минатата година додека годинашниов буџет (кој таргетира дефицит од 1.5 проценти од БДП) обезбедува солидна основа за континуирана макроекономска стабилност.  Надворешната позиција е релаксирана, со мал (2 проценти од БДП) дефицит на тековната сметка од минатата година.  Девизните резерви се зголемија и покрај тоа што беше извршена предвремена отплата на надворешниот долг на Македонија (од околу 200 милиони евра кон Парискиот Клуб, Светска Банка, ММФ и ЕИБ).  Странските директни инвестиции нагло се зголемија во 2007 година и се очекува нивно натамошно зголемување во наредните години.

Бордот на ММФ подвлече дека треба внимателно да се следат и раководат краткорочните макроекономски притисоци.  Инфлацијата се зголеми на скоро 9

проценти во јануари - највисокото ниво последниве години. Најголем дел од зголемувањето се должи на повисоките цени на храната, меѓутоа базичната инфлација (која што ги исклучува најпроменливите цени на храна и енергија) исто така благо се покачи, на 2.6 проценти. Здравите макроекономски политики - сидрото на девизниот курс и континуираната фискална прудентност - се очекува да ја повлечат инфлацијата на пониско ниво. Како и да е, властите би требало да бидат подготвени за усогласување на нивните планови доколку продолжат инфлаторните притисоци или пак дефицитот на тековната сметка се прошири над проекциите. Првичниот одговор од НБРМ - покачувањето на каматната стапка на нејзината клучна политика на 5.25 проценти, објавена минатата недела - е соодветен, меѓутоа тоа веројатно би требало да биде потпомогнато со дополнителни мерки, вклучително и во фискалната политика. Зголемувањето на платите и пензиите досега не ги загрозија фискалните таргети на владата меѓутоа истите ја намалија флексибилноста на трошењата на владата и се чини тешко може да се вклопат во заложбите на владата за намалување на трошењата до ниво од 2 проценти на среден рок. Исто така е значајно тоа што капиталните трошења на владата се распоредени во текот на годината и истите не се концентрирани најмногу во последниот квартал.

**Вториот предизвик посочен од страна на Бордот е понатамошно да се зголемува потенцијалот за економски растеж и намалувањето на невработеноста, особено преку реформата на сите давачки по основ на плата.** Просечните давачки по основ на плата (разликата помеѓу она што работодавачот го исплатува и она

што работникот во суштина го добива) е над 60 проценти од нето платата. Се разбира дека ова е премногу високо. Но, даночните стапки за работниците со скратено работно време и оние со пониски примања се уште повисоки. Со пресметување на придонесите за здравствено осигурување за работниците со скратено работно време врз основа на фактички одработените часови (планирано да започне од април 2008 година), наместо на претпоставено полно работно време, ќе се реши една важна пречка за унапредување на активноста на формалниот сектор и за намалување на бројот на невработени. Сепак, давачките по основ на плата на оние со ниски примања останува многу високо, поради високите минимални основици за социјални придонеси. Тоа креира пристрасност во стопанството околу вработувањето во секторите со ниски примања, како на пример текстилниот сектор. Очигледно, предлозите за решавање на овој проблем мора да бидат внимателно проучени за да се согледаат ефектите од приходите по тој основ. Но, со официјална стапка на невработеност од 35 проценти, од примарна важност мора да биде намалувањето на вкупните давачки по основ на плата како и решавање на аномалиите во системот за оданочување на платата.

Како заклучок, и покрај тоа што **макроекономското остварување на Македонија е добро, инфлаторните ризици од зголемување на цените на храната заедно со зголемувањето на платите во јавниот сектор треба внимателно да се следат, а потребни се и понатамошни реформи за зголемување на потенцијалот за растеж и за намалување на невработеноста**. Меѓународниот монетарен фонд и понатаму со задоволство ќе продолжи да ја поддржува владата во овие нејзини напори.